Врз основа на член 45-д став 1 алинеја 2 од Предлогот на одлука за изменување идополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите, Собранието на Македонската академија на науките и уметностите, на 15 декември 2020 година, донесе

арх.бр.02-3265/3
дата 21.12.2020

# ПРАВИЛНИК
## за критериумите за избор на членови во Македонската академија на науките и уметностите

Вовед/образложение:

Оценувањето на кандидатите при избор на членови на Академијата (редовни членови, дописни членови и членови надвор од работниот состав) се извршува согласно со Законот и со Статутот на Македонската академија на науките и уметностите, како и врз основа на наведените квалитативни и квантитативни критериуми во правилниците за постапката и критериумите за избор за членови во Академијата.

При избор на почесни членови, Собранието на Академијата ќе ги оценува особено големите заслуги во науката и уметноста на кандидатите како резултат на нивни лични залагања што придонеле за развојот на науката и уметноста во Републиката и за нејзино афирмирање во светот, како и за развојот, етаблирањето и просперитетот на Академијата.

Покрај биографските податоци за кандидатот, образованието, вработувањето и напредувањето во наставно-научните звања, постојат и услови кои рецензентите задолжително ги оценуваат и ги наведуваат при пишување на рецензијата, подготовката и предавањето на предлогот и придружниот материјал и тоа во зависност од природата на дејноста на кандидатот, прикажани според највисоките стандарди кои важат во научната практика и оценувањето на уметностите.

При описот на угледот и резултатите на кандидатот, потребно е посебно да се укаже на резултатите во кои кандидатот бил водечки истражувач и лидер чијшто придонес бил одлучувачки.

Целта на овој Правилник е во сите одделенија на МАНУ да се постигне изедначено прикажување на резултатите кај оние показатели кои се задолжителни да се наведат, така што ќе се добие рецензија која ќе биде основа за избор на најквалитетните кандидати.

Оценувањето на кандидатите се извршува врз основа на нивната научна и научно-апликативна дејност, учеството и придонесите во дејноста и унапредувањето на МАНУ, факултетите и универзитетите, како и културните и уметнички институции во земјата и во меѓународниот научен и уметнички живот, образовната активност и подготвувањето кадри, експертската и консултантската активност, организацијата на науката и нивната домашна и меѓународна препознатливост и општествено влијание и др.

## I. Научна и научно-апликативна (применета) дејност

**Научни публикации, книги, монографии, цитираност и фактор на влијание (IF)**

Член 1

Во оваа група критериуми се наведуваат и оценуваат следниве параметри:

➢ Научни публикации во списанија со фактор на влијание (impact factor, IF) и во други меѓународни, странски и национални специјализирани списанија и зборници, вклучувајќи ги и оние прифатени за печатење со приложување официјален документ.

➢ Книги, монографии, поглавја во нив или други значајни публикации кај издавачи од земјата и од странство, вклучувајќи ги и оние прифатени за печатење со официјален документ.

➢ Цитираност на објавените научни трудови и патенти за пронајдоци во земјата и во странство, во бази на податоци (Science Citation Index, Scopus и други) и h (Хиршоф) фактор.

Кандидатите поднесуваат листа на трудови објавени во научни списанија со фактор на влијание (IF), листа на трудови објавени во други меѓународни и национални научни списанија, листа на трудови објавени во зборници на меѓународни, странски и национални научни конференции, како и список на избраните трудови со кои кандидатот најдобро се претставува.

Кандидатите поднесуваат листа на книги, монографии, поглавја во нив или други значајни публикации кај издавачи од земјата и од странство, вклучувајќи ги и оние прифатени за печатење со официјален документ.

Податоците за списанијата со фактор на влијание (број на квартал и вредноста на IF) и цитираноста во Web of Science, Scopus и други се задолжителни, пред сѐ, за научните подрачја на природно-математичките, биотехничките, техничките и медицинските науки, а делумно и за општествените и хуманитарните науки, каде што постои сосредоточеност на национални теми, така што кај овие кандидати се наведува и посебно е значаен и бројот на трудови во домашни списанија и во монографии од национално значење.

**Раководење и учество во научноистражувачки проекти**

Член 2

Во оваа група критериуми се наведуваат и се оценуваат следниве критериуми:

➢ Раководење (учество) на меѓународни научноистражувачки проекти (како на пример: FP7, Horizon, Erasmus и други), програми и други истражувања (вклучувајќи програми на ЕУ, Светска банка, реномирани странски научни институти и сл.).

➢ Раководење (учество) на научни истражувања од општонационално значење: научни проекти, програми, договори, заеднички истражувња со научници и тимови од други национални и странски институции и организации, како и финансиски ефекти од овие истражувања од поширок национален интерес.

Кандидатите приложуваат листа на овие дејности со соодветни докази (копија од сертификат за учество во научната програма/проект). Оваа група податоци е задолжителна и од посебно значење кај кандидатите од научните подрачја на природно-математичките, биотехничките, техничките и медицинските науки, како и општествените и хуманитарните науки.

**Раководење и учество во создавањето нови технологии, патенти, пронајдоци и друго**

Член 3

Во оваа група критериуми се наведуваат и се оценуваат следниве параметри:

➢ Раководење и учество во развојот и создавањето нови технологии. Патенти за пронајдоци (со авторски свидетелства), сертификати и авторско право врз програмски

продукти, технологии, зачувани марки, продукти на информациска технологија (IT), реализирани кај нас и во странство.

➢ Добиени средства и друга ефективност во економијата, социјалната сфера, екологијата итн., вклучувајќи партнерство со индустријата, земјоделството и шумското стопанство.

Кандидатите приложуваат листа на применети, односно техничко-развојни резултати, реализирани проекти, патенти, технички решенија што доживеале значајна примена и реализација во соработка со стопанството и државните институции. Оваа група податоци е задолжителна и од посебна важност за научните подрачја на техничките науки, а делумно и на природно-математичките, биотехничките и медицинските науки.

**Презентирање научни резултати, предавања, конгреси, симпозиуми, раководење/учество во организациски и научни комитети**

Член 4

Во оваа група критериуми се наведуваат и се оценуваат следниве параметри:

➢ Учество со научни резултати преку предавања и презентации на конгреси, форуми, симпозиуми (пленарни и други сесии) во странство и кај нас. Кандидатите приложуваат список на воведни и други предавања (по покана или како учесник со доказ: копија на покана или програма на конференцијата). Учеството, пред сè, се однесува на конференции со висока меѓународна научна репутација, со посебно назначени пленарни предавања и нивен број.

➢ Учество/раководење во организациски и научни комитети (одбори), раководење со сесии на меѓународни и национални научни форуми, вклучувајќи организирање конгреси, симпозиуми, работни средби, како и на секции во нив.

Кандидатите приложуваат список со докази: копии од покани и програми од настаните.

**Учество во редакциски и научни одбори на списанија, рецензии, уредувачка дејност на изданија**

Член 5

Се наведуваат и се оценуваат следниве параметри:

➢ Учество во редакциски колегиуми на национални, странски и меѓународни научни списанија, како главен редактор (уредник), или член на редакциски (уредувачки) колегиум.

Кандидатите приложуваат листа на изданијата со доказ: копија од потврда за учество или копија од страницата на списанието каде што е наведен уредувачкиот колегиум.

➢ Рецензии и уредувачка дејност на книги, атласи и други изданија.

Кандидатите приложуваат листа на рецензии со копии од соодветни докази.

➢ Раководење и учество во развојот и/или создавањето на:

– изданија со национално и со меѓународно значење: енциклопедии, речници, собрани дела на познати автори и др.;

– музејски збирки, колекции, изложби и други претставувања со национално и со меѓународно значење.

Петте групи податоци од членовите 4 и 5 се задолжителни за научните подрачја на природно-математичките, техничките, биотехничките, медицинските, општествените и

хуманитарните науки, а делумно се однесуваат и на дејностите од областа на ликовната уметност, архитектурата, литературата и музиката, застапени во Академијата.

## II. Дејност од областа на ликовната уметност, архитектурата, литературата и музиката

### Член 6

Рецензијата кај кандидатите од ликовната уметност (сликари, графичари, скулптори, мозаичари) содржи оценување на уметничкото творештво, при што од особено значење е проценувањето и укажувањето на неговата препознатливост, на неговите специфичности и придонеси. Во рецензијата се наведуваат и се коментираат податоците за:

- реализацијата, изведувањето, изложувањето и прикажувањето на делата;
- монографските и други истражувања на уметничките дела;
- учеството на кандидатите во јавни активности и на манифестации од подрачјето на уметностите (меѓународни, странски и национални изложби, меѓународни и национални конференции со висок уметнички углед).

Кандидатите приложуваат список на сите уметнички дела согласно со особеностите на областа на која припаѓа уметникот, како и листа на меѓународни, странски и национални изложби со соодветни сетификати.

### Член 7

Кај кандидатите се оценуваат најзначајните претставени дела на писатели, творци во областа на музиката, драмската уметност и филмот (композитори, сценаристи, режисери), кои добиле високо признание кај нас и во странство. Притоа, се оценуваат претставените монографии, студии, статии, критики и др. трудови на критичарите на литературата и уметностите.

За кандидатите од ликовната уметност се оценуваат репрезентативните дела во медиумот во којшто се изразуваат (сликарство, скулптура, графика и друго) кои се високооценети и признати во Републиката и во странство и се зема предвид личниот ликовен (визуелен) израз, како и проценките и мислењата за нив искажани од истакнати ликовни (визуелни) критичари.

Кандидатите од ликовната уметност приложуваат список на репрезентативни дела и информации за учество на самостојни и на групни изложби во значајни галерии или институции во Републиката и во странство, како и за учество на фестивали од домашен и од меѓународен карактер. Како доказ кандидатите може да приложат уметнички дела, плакати и каталози од изложби, рецензии од истакнати ликовни (визуелни) критичари, извадоци од весници односно списанија (од печатени и електронски медиуми), аудио/видео материјали за учество и награди.

За кандидатите од архитектурата се оценуваат репрезентативните архитектонски проекти и реализирани објекти кои се високооценети и признати во Републиката и во странство, а кои овозможиле подобрување и осовременување на начинот на живот, се зема предвид личниот визуелен израз, како и проценките и мислењата за нив искажани од истакнати критичари.

Кандидатите од архитектурата приложуваат список на репрезентативни архитектонски проекти и реализирани објекти и информации за учество на самостојни и на групни изложби во значајни галерии или институции во Републиката и во странство, како и за учество на фестивали од домашен и од меѓународен карактер. Како доказ кандидатите може да приложат архитектонски проекти, плакати и каталози од изложби, рецензии од истакнати критичари, извадоци од весници односно списанија (од печатени и електронски медиуми), аудио/видео материјали за учество и награди.

За кандидатите од областа на литературата се оценуваат најважните објавени дела од типот на литературната активност во која дејствуваат и се земаат предвид бројот на дела што се преведени во странство, бројот на дела што имаа поголем број публикации и високо признание, како и процените и мислењата за нив искажани од критичарите од книжевната наука.

Кандидатите од областа на литературата приложуваат список на литературни дела од целокупното нивно творештво (збирки поезија, збирки раскази, збирки критики и есеи, како и патописи, претстави и романи). Како резултат на креативна книжевна активност, може да се разгледаат избори направени од творештво на друг (домашен или странски) писател, како и антологии составени од дела на други автори. Преводот на значајни литературни дела од странски јазици може да се третира како дополнителен дел од средствата на писателот кој не треба да се занемари. Кога ќе се одржи состанок за кандидати од редовите на поетите, треба да се претстави нивното учество на поетски фестивали во земјата и во странство, како и одржани независни вечери на поезијата. Заради поголема транспарентност, може да се приложи список на десет најважни дела, со одговори на нивната критика.

За кандидатите од областа на музиката се оценуваат најзначајните објавени и изведени дела, дела изведени во странство од странски музички ансамбли и институции, како и дела кои добиле високо признание. Терминот „музичко творештво“ значи само активност на композиторот, додека толкувачката уметност може да се наведе само доколку е комплементарна со активноста на композиторот.

Кандидатите од областа на музиката приложуваат список на дела од целокупното нивно творештво, означувајќи каде (град, сала, музички настан во чии рамки се изведувало делото), од кого (солисти, ансамбли) и колкупати се изведувани, со музички ноти на делата, како и со записите регистрирани со помош на аудио и аудиовизуелни средства.

## III. Образовно-педагошка дејност и подготовка на кадри

Член 8

Во оваа група критериуми се наведуваат и се оценуваат следниве параметри:

- Универзитетски предавања (лекции и курсеви): додипломска настава (I циклус), постдипломска настава (II циклус), докторски студии (III циклус).
- Публикувани, пред сè, универзитетски учебници и практикуми.
- Менторство на докторанди, магистранди, дипломци и специјализанти во земјата и во странство.
- Друга наставна дејност во земјата и во странство (визитинг-професор, предавачи на одредени меѓународни и национални курсеви и др.).

- Дејност и активност во развојот на научен и уметнички подмладок од најрана возраст.
- Дејност и активност во унапредување и осовременување на севкупниот образовен процес во Републиката.

Кандидатите поднесуваат листа на горните активности со соодветни докази (копии од сертификати), како и број на часови по циклуси, број на докторанди (менторства). Листата на податоци е задолжителна за научните подрачја на природно-математичките, биотехничките, техничките, медицинските, општествените и хуманитарните науки, а делумно се однесува и на дејностите од областа на литературата и уметноста, застапени во Академијата.

## IV. Научно-организациска и научно-административна дејност

Член9

Во оваа група критериуми се наведуваат и се оценуваат следниве параметри:

- Основање/раководење или придонес во создавањето нови лаборатории, катедри, клиники, оддели, центри и институти.
- Основање/раководење или придонес во создавањето нови научни школи, правци, наставно-образовни дисциплини и културни традиции.
- Придонес во зајакнување и развој на МАНУ, универзитетите, факултетите и културните институции во земјата, преку учество во дејноста на органите на управа (академски, наставно-научни совети, сенати, одбори, комисии итн.).
- Учество во афирмирање и распространување на научните достигнувања на републиката, достигнувањата на МАНУ, универзитетите, факултетите, а исто така и на културата, и во земјата и во странство.

Кандидатите поднесуваат листа на наведените придонеси со соодветни докази (копии од потребните сертификати). Оваа група податоци е задолжителна за научните подрачја на природно-математичките, биотехничките, техничките, медицинските, општествените и хуманитарните науки, а делумно се однесува и на дејностите од областа на литературата и уметноста, застапени во Академијата.

**Експертска и советодавна дејност и влијание врз креирањето на политиките во областа на науките и уметностите**

Член 10

Во оваа група критериуми се наведуваат и се оценуваат следниве параметри:

- Учество во работата на владини и други државни органи и тела.
- Учество во национални, странски и меѓународни научни експертски совети, конзорциуми, комисии и др.
- Експертска, консултантска и друга слична дејност за укажување помош на институции и државни органи на управата, стопански организации и фирми.

Кандидатите поднесуваат листа на наведените дејности со детални податоци и соодветни сертификати. Оваа група податоци се однесува, пред сѐ, на научните подрачја на општествените и хуманитарните науки, на природно-математичките, биотехничките, техничките и медицинските науки, а делумно се однесува и на дејностите од областа на литературата и уметноста.

## V. Членство во научни организации, награди и одликувања

Член 11

Во оваа група критериуми се наведуваат следниве податоци:

- Членство во меѓународни, странски и национални научни организации, друштва и академии.

Кандидатите приложуваат листа на организации со доказ: копија од сертификат за прием и период на членување.

- Добиени меѓународни, странски, национални награди и награди во Академијата, одликувања, доктор хонорис кауза, почесни членства и др.

Кандидатите приложуват листа и копии од сертификатите. Овие две групи податоци се однесуваат на сите научни и уметнички дисциплини застапени во Академијата.

## VI. Евалуација, сумирање резултати и оформување предлози

Член 12

Предлагачите и кандидатите имаат право да ѝ укажат на комисијата за пишување на рецензија и на други показатели кои не се наведени во овој Правилник и по своја процена можат да претставаат и други материјали поврзани со конкурсот, кои ќе бидат оценети од рецензентите.

Во заклучокот на рецензијата, рецензентите треба да дадат краток приказ и оцена на најзначајните резултати на кандидатот. Посебно треба да се нагласат активностите во кои кандидатот бил водечка личност, кои оствариле значаен углед во светот, односно во нашата земја, и кои отвориле пат за идните генерации научници и уметници. Исто така, треба да се нагласи доколку кандидатот има улога на предводник во некоја област на национално, регионално или на пошироко меѓународно ниво.

Член 13

Наведените **квантитативни критериуми** (број на публикации во списанија со фактор на влијание (IF), во други меѓународни и домашни списанија, книги, поглавја во монографии или други значајни публикации, број на пленарни и други предавања по покана, цитираност и h (Хиршов) фактор, како и број на раководење/учество на меѓународни и национални проекти, педагошката активност и бројот на менторства) се појдовна основа за донесување одлука, пред сѐ, за природно-математичките, биотехничките, техничките и медицинските науки, а делумно и за општествените и хуманитарните науки, каде што оценувањето и појдовната основа се сосредоточени на национални теми и трудови во национални списанија и книги.

Член 14

При утврдување на конечниот предлог за изборното собрание, одделенијата на МАНУ ќе ги имаат предвид и сите **квалитативни критериуми/показатели** на кандидатот (награди, членства во научни комитети на конференции, меѓународни и

национални одбори за регулирање и оценување на важни прашања од науката и/или уметноста, уредништво во меѓународни списанија–постојано издание и специјални броеви; основање и раководење на нови лаборатории, центри, оддели, институции, научни школи и др. кај техничките науки, влијанието на техничко-применетите резултати на кандидатот во општеството и развојот на современите технологии), како и влијанието на кандидатот во научната или уметничката област со која се занимава, како и на општеството во целина.

Член 15

Во материјалот за кандидатура во однос на научните трудови и книги, треба да се приложат примероци на сите трудови и книги наброени во библиографијата (во меѓународни и национални списанија, книги, поглавја во монографии и сл.) во електронски облик и отпечатени копии на 20 најзначајни труда/книги/поглавја, кои се наведени во рецензијата. Во случајот на уметничките придонеси, да се приложи потребниот документиран и илустративен материјал.

Согласно со рецензиите подготвени од рецензентите и добиените податоци од квантитативните и квалитативните показатели, одделенијата подготвуваат сумарен приказ на кандидатите со нивно соодветно рангирање за изборното собрание на МАНУ.

Член 16

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Билтенот на Академијата.

Претседател,
акад. Љупчо Коцарев